Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-337/4
04-09-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-337 од 26.3.2024 година, поднесена од [redacted] Скопје за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-337 од 26.3.2024 година, поднесена од [redacted] Скопје **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 26.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Комисијата на ден 5.4.2024 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор на адресата наведена во претставката за заштита од дискриминација. Оттука, Комисијата доби известување за неуспешна достава на предметниот поднесок на дадената адреса со образложение дека потенцијалниот дискриминатор се иселил од наведената адреса. Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 4.7.2024 година до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе точната адреса на потенцијалниот дискриминатор.

Подносителот на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
3.9.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]